Врз основа на член 315, точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Југославија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за измени на Законот за промет на експлозивни материи, што Собранието на СФРЈ го донесе на седницата на Сојузниот собор од 20 јуни 1991 година.

П. бр. 1388
20 јуни 1991 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Стјепан Месиќ**, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигоријевиќ**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за промет на експлозивни материи ("Службен лист на СФРЈ", бр. 30/85 и 6/89) во членот 34, став 1, во воведната реченица, бројот: "2,000.000" се заменува со бројот: "20.000", а бројот: "45,000.000" - со бројот: "450.000".

Во ставот 2, бројот: "100.000" се заменува со бројот: "1.000", а бројот: "2,500.000" - со бројот: "25.000".

Во ставот 3, бројот: "100.000" се заменува со бројот: "1.000", а бројот: "2,500.000" - со бројот: "25.000".

Член 2

Во членот 35, став 1, во воведната реченица, бројот: "250.000" се заменува со бројот: "2.500", а бројот: "2,500.000" - со бројот: "25.000".

Во ставот 2, бројот: "50.000" се заменува со бројот: "500", а бројот: "250.000" - со бројот: "2.500".

Член 3

Во членот 36, став 1, во воведната реченица, бројот: "150.000" се заменува со бројот: "1.500", а бројот: "2,000.000" - со бројот: "20.000".

Во став 2, бројот: "20.000" се заменува со бројот: "200", а бројот: "150.000" - со бројот: "1.500".

Член 4

Во членот 37, став 1, во воведната реченица, бројот: "40.000" се заменува со бројот: "400", а бројот: "200.000" - со бројот: "2.000".

Член 5

Во членот 38, став1, бројот: "300.000" се заменува со бројот: "3.000".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен лист на СФРЈ".